РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
бр. 13-8500/4
02.07. 20 13 год.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
бр. 07-1005/29
04-07-2013 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Македонски јазик и книжевност, Српски јазик и книжевност, Словенечки јазик и книжевност, Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, Албански јазик и книжевност, Турски јазик и книжевност, Француски јазик и книжевност, Романски јазик и книжевност, Руски јазик и книжевност, Чешки јазик и книжевност, Полски јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, Општа компаративна книжевност, Преведување и толкување и Италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација, Решение бр. 12-39/3 од 05.04.2013 година за акредитација на Студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Македонски јазик и книжевност, Српски јазик и книжевност, Словенечки јазик и книжевност, Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, Албански јазик и книжевност, Турски јазик и книжевност, Француски јазик и книжевност, Романски јазик и книжевност, Руски јазик и книжевност, Чешки јазик и книжевност, Полски јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност, Англиски јазик и книжевност, Општа компаративна книжевност, Преведување и толкување и Италијански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање под нивен бр. 09-209/3 од 25.04.2013 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 13-8500/1 од 29.04.2013 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-8500/2 од 09.05.2013 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 17.05.2013 година, изврши увид и изготви извештај бр.13-8500/3 од 20.05.2013 година каде е наведено дека за горенаведените студиски програми од прв циклус на четиригодишни студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопјее се исполнети условите за почеток со работа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Спиро Ристовски

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Нухи Аџини
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ